Јавна здравствена установа
Здравствен дом „Гоце Делчев„
Бр. 04-294/31
21.07.2025 год.
ДЕЛЧЕВО

Јавна здравствена установа
Здравствен дом"Гоце Делчев"
Бр.04-294/31
21/07/2025 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016,142/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 13 од Статутот на Јавната здравствена установа Здравствен дом"Гоце Делчев"Делчево , Директорот ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За не избор на кандидати по Јавен оглас бр.523/2025 за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работното место **Советник за човечки ресурси**,шифра на работно место **ЗДР0102В01004** со звање **Советник за човечки ресурси**,во **Одделение за човечки ресурси,правно и архивско работење,Сектор за правно-админстративни стручни и општи работи** во Јавната здравствена установа Здравствен дом"Гоце Делчев"Делчево, **не се избираат кандидатите** со идентификациски код-**4403219,ВВЕ59ЕВ и 606890А.**

2. Ова Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

**Образложение**

На ден 18.06.2025 година во дневните весници Нова Македонија , Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија објавен е Јавен оглас бр.523/2025 за вработување на административни службеници во Јавната здравствена установа Здравствен дом"Гоце Делчев"Делчево.

По објавениот Јавен оглас 523/2021 година,Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со архивски број 10-1185/5 од 24.06.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник на ден 08.07.2025 година и донесе Записник од извршената административна селекција за административен службеник со архивски број 10-1185/6 од 08.07.2025 година во кој е наведено дека се пријавени **3** кандидати од кои **0** уредни и **3** неуредни кандидати.

Неуредни кандидати за работно место **Советник за човечки ресурси** се :
1.Индетификациски код – **4403219**
2. Индетификациски код – **ВВЕ59ЕВ**
3. Индетификациски код – **606890А**

Од доставениот Записник од извршената административна селекција за административен службеник со архивски број 10-1185/6 од 08.07.2025 година, ВД Директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом"Гоце Делчев"Делчево изврши не избор како во диспозитивот на ова Одлука.

***ПРАВНА ПОУКА****:Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум(8) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.*

**ЈЗУ Здравствен дом**
**“Гоце Делчев“Делчево**
**ВД Директор**
**Спец. д-р Билјана Ѓеоргиевска**

Доставено до :
*Архива;
*Агенција за администрација на РСМ;